2022

Волонтерски Центар Скопје

# Годишен Извештај



**Волонтерски Центар Скопје**

Емил Зола 3/3-1
1000, Скопје, Македонија
vcs_contact@yahoo.com

**Содржина**
Јоланта Чиопчињска
Селина Ниеми
Анџелина Бернд
Мари Кил
Хуго Ломедет
Тамина Шулце
Камелија Сгајаре
Катарина Веијо
Горан Галабов

**Дизајн**
Селина Ниеми

**Преведувачи**
Марија Маринкова
Мартина Даниловска
Бојана Невеселов

# СОДРЖИНА

**3** За нас
**4** Нашите волонтери
**5** Списание ВОИСЕС
**6** Нашите проекти
**10** Нашите активности
**12** Проекти и настани организирани во Македонија
**15** Implementing Youth Strategies
**16** Стручно образование И обука (ВЕТ)
**17** Партнери

# Невладина огранизација во срцето на Скопје

Ние сме една од водечките организации за млади во Македонија кога станува збор за младинската работа, волонтирање и активно граѓанство.

Во текот на нашето **17-годишно** патување, percanавме препознатлив бренд и доверлив партнер низ кој поминале над 8500 македонски и странски волонтери и младински активисти. Нашата главна цел како организација е да им дадеме можност за неформално образование на младите луѓе од различни области, без разлика дали се локалци или странци.

### 17 години можности.

Ние земаме активно учество во општеството нудејќи им еднакви можности на младите и работејќи на подобрување на нивниот животен стандард. Волонтерството е голема и важна идеја која ја промовираме додека ги поврзува младите без разлика на нивната националност, религија, пол, политичка наклонетост, економски или социјален статус.



**Никола Станкоски**
Директор



**Андреј Наумовски**
Проект Менаџер



**Селина Ниеми**
Мултимедија Координатор



**Горан Адамовски**
Оперативен менаџер и уредник на ВОИСЕС



**Горан Галабов**
Координатор на ESC & VET



**Јоланта Чиопчинска**
Програмски Координатор



**Евелина Чанска**
Координатор за Социјални Медиуми



**Давид Стоилковски**
Проект Координатор

# Нашите волонтери

Меѓународни волонтери на кои им бевме домаќини во Македонија преку различни програми. Нашите волонтери и од кои земји ни доаѓаат.

**8** краткорочни ESC волонтери

**60** меѓународни волонтери

**33** VET студенти

**1** волонтер на француската граѓанска служба

**18** долгорочни ESC волонтер


Крис Махолд
Германија


Клариса Леуте
Германија


Антонија Барт
Германија


Ана Марек
Полска


Каспер Крол
Полска


Јоланта Чиопчинска
Полска


Лусил Гуеген
Франција


Аник Фасолд
Германија


Муамер Бозкурт
Турција


Белен Дегин Догер
Турција


Хозе Родригес
Португалија


Александра Канасиук
Полска


Јасе Хеикила
Финска


Анџелина Берндт
Германија


Мари Кил
Германија


Иго Ломедет
Франција


Тамина Шулце
Германија


Камелија Сгајаре
Франција


Катарина Веијо
Финска

# Списание ВОИСЕС

Нашето месечно списание има многу едноставна, но сепак моќна мисија - да биде гласот на младите.

Списанието „Воисес“ е создадено од меѓународен тим на волонтери и млади луѓе заинтересирани за новинарство. Обезбедува широк спектар на теми, интересни гледишта и актуелни прашања од целиот свет.

- voiceskopje.org
- voiceskopje
- voiceskopje
- issuu.com/vcsvoices

**3** јазици

**12** изданија

**53** колумнисти

**129** статии

**11** преведувачи

**10** подкасти




# VOICES to Hear

- VOICES to Hear
- VOICES to Hear
- VOICES to Hear

„VOICES to Hear“ е месечниот подкаст на списанието „Воисес“. Нашиот подкаст обезбедува интересни теми од ширум светот. Сите епизоди се на англиски јазик и достапни за сите на Spotify, Google Podcasts и YouTube.



# Нашите проекти

Секоја година реализираме различни проекти, од соработка со различни локални организации до меѓународни проекти со нашите партнери низ Европа.

**Испративме...**
**6 волонтери** за краткорочни ESC проекти во **3 земји**
**6 волонтери** на долгорочни ESC проекти во **4 земји**

**Учествувавме во...**
**53 проекти** во **24 земји**
што им даде можност на **279 учесници** од Македонија

**Бевме домаќини...**
на **10 локални проекти** во Македонија
вклучени преку **200 локални** учесници







## Средношколците за чисто Скопје

(локален проект со Град Скопје)

Проект кој ги поттикна средношколците да преземат акција кон поеколошко општество. Одржавме 23 работилници во сите средни училишта под ингеренција на Град Скопје, реализиравме вкупно 11 екоакции во секоја општина во Скопје (плус Градот Скопје), а организиравме и конкурс за постер меѓу училиштата. Победничкиот дизајн беше изложен на автобус од јавниот превоз. Завршниот настан се одржа во Транспортниот центар, а му се приклучија училиштата и Град Скопје

**Партнери:** За Почиста Македонија, Град Скопје

ЗА ПОЧИСТА МАКЕДОНИЈА   Град Скопје

# Проекти со интернационални и локални партнери

Во рамките на овие проекти,ВЦС во соработка со своите партнери ширум Европа имплементира различни проекти на повеќе теми,со цел зајакнување на капацитетите на младите луѓе. Преку повеќе интернационални состаноци,настани,работа со онлајн алатки, ВЦС во текот на целата година шири различни материјали и ресурси за луѓето низ цела Европа.

## Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата (ИПА)

Целта на овој проект е да се придонесе во градење независно и одржлво општество во кое се охрабрува учество,грижа за родово-сензитивните политики. Овој проект се спроведува преку структурна кооперација и има цел за даде значаен придонес во мрежата на граѓани и општеството.

**4 партнери:** Coalition of Youth Organizations SEGA, SOS Children's Village, Association Woman's Forum, ВЦС (Македонија)

## SOUP sharing (КА2)

Проект за собирање средства од заедницата за заедницата, овозможува шанса за граѓаните да учествуваат во креирањето на подобро општество. Сите партнери организираат SOUP настани во нивните држави и креираат водич за тоа како да се менаџираат SOUP настани во локалните заедници. Овој водич е достапен за секој.

**8 партнери:** Passion Udflugt (Данска), C-Cube (Шпанија), Associação Check-IN (Португалија), Community Labarotories (Литванија) Allianssi Youth Exchanges (Финска), Kreaktiva (Хрватска), Skola6 (Латвија), ВЦС (Македонија)

## PeerAct (КА3)

Подигнување на свеста за предрасудите меѓу врсниците со цел промоција на заедничките вредности. Со вклучување на 1300 млади луѓе од различни заедници, позадини и држави, овој проект е фокусиран на градење мирни општества и препознавања на сите форми на дискримнација,нетолеранција и нееднаквост.

**7 партнери:** EPTO (Белгија), Ofensiva Tinerilor (Романија), Youth on The Move (Грција), Par, Humanitas, Pomoc Dec (Србија), Европски институт за образование и социјална политика, ВЦС (Македонија)

## SALT - Shake a leg, together! (КА2)

Целта на овој проект е промовирање на здрав и активен начин на живот,со цел да допре до што повеќе луѓе од земјите учеснички и да ги охрабри да земат учество во каков било вид на физичка активност,да ги информира за бенефитите од истите и да им помогне овие активности да ги претворат во свое атрактивно хоби.

**5 партнери:** Saltes (Литванија), Zavod Voluntariat (Словенија), Pi Youth Association (Турција), Jovobarat Egyesulet (Унгарија), ВЦС (Македонија)

## Promoting Women Environmental Entrepreneurship (PWoEE) (KA2)

Целта на овој проект е обезбедување дигитални алатки за поддршка на младите женски претприемачки во Европа преку структуриран водич и заедница за дигитално менторирање за реални ситуации и поддршка на нивниот претриемачки пат со особен нагласок на заштита на животната средина.

**3 партнери:** Youthpreneur Stichting (Холандија), Eprojectconsult – Istituto Europeo di Formazione e Ricerca (Италија), ВЦС (Македонија)

## DALI4Youth (KA2)

Дигиталната уметност како алатка за учење, инклузивност, креирање еднаквост и поддршка за различностите меѓу младинските работници и младите луѓе,особено за категоријата на млади кои не се вклучени во образовниот процес и не се во работен однос. Младите треба да бидат свесни и подготвени за моменталните очекувања од нив, особено по случувањата со глобаланата COVID-19 пандемија,а истовремено треба да изградат и чувство за припадност во заедницата, подобрување и поттикнување на дигиталните вештини, повисоко ниво на креативност со цел адаптирање на новата реалност и кревање на свеста за предизвиците со кои се соочува оваа група на млади.

**5 партнери:** Ici et Ailleurs (Франција), Open Europe (Шпанија), Zini Foundation (Латвија), CRES (Италија), ВЦС (Македонија)

## TWOST - Training without stereotypes (KA2)

Целта на овој проект е превенција на дискриминацијата по основа на род и поттикнување на развој кон родовата свест со особен фокус кон анализирање на стратегиските аспекти како менаџмент на човечки ресурси, лидерство, тренирање, менторирање, препознавање стереотипи во комуникацијата, насилство основано на род, како и креирање на онлајн дата база.

**7 партнери:** Associacao Animam Viventem (Португалија), Asteri (Грција), Centro Giovanile di Formazione Sportiva (Италија), Centro Studi “Cultura Sviluppo” (Италија), Club Basquet Granollers (Шпанија), Xeracion (Шпанија), ВЦС (Македонија)

## Digital Community Radio for Youth Inclusion and Diversity (KA2)

Целта на овој проект е зајакнување и градење добри практики и капацитети меѓу партнерските организации преку спроведување тренинзи и размени од областа на дигиталната младинска работа. Поконкретно да се охрабри користењето на радиото и паметните телефони како алатки за зајакнување на вештините на младите луѓе, особено меѓу младите со различни етнички и религиозни позадини.

**4 партнери:** Bergmál (Исланд), Art of the Box (Белгија), Aarhus Global Media (Данска), ВЦС (Македонија)

### Fewer Opportunities Re-thinking Z to A / F.O.R.Z.A (КА2)

Целта на овој проект е да се иницира стратегиска дигитална трансформација за младинската работа и да се крене свеста за претприемачкиот потенцијал за маркетингот реализиран преку социјалните мрежи,како нова форма за можност за работа за младите.

**5 партнери:** Acc. A Rocca (Италија), Way SAS (Италија), Aproximar (Португалија), GrowthCoop (Шпанија), ВЦС (Македонија)

### Musicling - Social entrepreneurship with recycled instruments (КА2)

Овој проект ги охрабрува младите луѓе да креираат рециклирани инструменти од отпад и да учат како да свират на нив преку основните поими на музичката теорија. Се прави промоција и на претприемништвото и се обезбедуваат алатки и вештини за младите луѓе да започнат свои сопствени проекти поврзани со оваа тема.

**4 партнери:** Xeracion Valencia (Шпанија), K.A.N.E. (Грција), Euro-Net (Италија, ВЦС (Македонија)

### Reinventing Community Radio in the Smartphone Era (КА2)

Во центарот на вниманието се става дигиталното радио како алатка со чија помош може да се зајакне општеството и демократијата.Овој проект ќе овозможи откривање и развивање на талентите во креирањето на радио содржини,раскажување приказни со помош на паметни телефони,како и радиото како дел од заедницата.

**5 партнери:** Stamp Media (Белгија), Carpe Diem (Хрватска), Udruzenje Gradjana Omladinski kulturni Centar Abrashevic (Босна Херцеговина), Aarhus Global Media (Данска), ВЦС (Македонија)

### Quality assurance for the work of the Business Liaison Coordinator
(Регионален проект)

Проектот е финансиран од австриското Федерално Министерство за образование, наука и истражување, во соработка со нашето Министерство за образование и наука и Центарот за Стручно Образование и Обука. Проектот е од регионален карактер и е во координација на OEAD-агенцијата за образование и интернационализам од Австрија, а во него се вклучени и Косово и Албанија. Проектот овозможува обуки за сите средни стручни училишта од државата и промовира професори-координатори како врска помеѓу училиштата и компаниите каде учениците ја извршуваат практичната настава и учењето преку работа. Волонтерски Центар Скопје како партнерска организација од почетокот на проектот е задолжена за локалната логистичка поддршка и успешна имплементација во Македонија.

### Youth with a Voice (КА2)

Во овој проект, учесниците можат да го пронајдат својот глас и да го користат за мотивирање на другите млади луѓе. Сите учесници од овој проект ќе планираат и креираат „подкаст“ за проблемите кои ги сметаат за значајни.

**3 партнери:** Балтички регионален фонд (Латвија), Asociatia Erhangja Egyesulet (Романија), ВЦС (Македонија)

# Нашите активности



Ние организираме неколку активности во текот на годината на локално ниво и го засилуваме капацитетот на волонтери на различни полиња. Исто така, овозможуваме логистичка поддршка за други локални институции и организации кои примаат ЕСК волонтери.

**Нашиот тим поддржуваше локални активности и иницијативи и беше дел од различни настани:**

Д-Фестивал
Wizzair Маратон
Меѓународен ден на младите
НВО Саем со Цивика
Фестивал на инклузија
Играме заедно
Интернационален фестивал за детски театар „Игор Маџиров"
Меѓународна конференција HR






**Дневен центар за деца на улица** е здружение кое работи со деца од ромската заедница и ги заштитува правата на децата. Нашите волонтери се вклучени во секојдневните активности преку помагање на децата со училишни обврски, организирање работилници, поддршка за наставниците, обезбедување храна и одржување на хигиената. ВЦС, исто така, организира донации на храна, облека и школски прибор за децата.

**ПОУ Златан Сремец** е основно училиште за деца со посебни потреби, каде нашите волонтери се ангажирани во тековмите училишни активности, организација на креативни работилници и подигнување на јавната свест.









# 45
## јавни настани
за локалната заедница

Часови за разговор по германски, португалски и шпански јазик
Кафуле за јазици
Караоке забави
Квизови во паб
„Speed friending“
Активности за чистење
„Walk and talk до Водно“
„Skopje SOUP“ настани
Панел-дискусии
Донации
„St. Andrew’s Night“
Ден на младите

**Работилници:**
Кинеска култура
Изработка на музички инструменти од рециклирани материјали
Самоодбрана
Волонтирај за промена
Ненасилна комуникација
Маркетинг преку социјални медиуми
Дискриминација, предрасуди и стереотипи
Волонтирање, активно граѓанство и младинска работа









# Проекти и настани организирани во Македонија

ВЦС организира разни проекти и настани низ Македонија преку различни мобилности, финансирање и интернационални денови.



## „No hate speech“, Љубојно

(Младинска размена)

Проектот се одржа од 11 до 20 јуни, собирајќи над 30 учесници од Македонија, Хрватска, Словенија, Португалија, Данска и од Латвија. Имаше за цел да ги поттикне младите луѓе да се занимаваат со говорот на омраза онлајн и офлајн. Во текот на проектот, учесниците ги научија клучните компетенции да можат да го остварат тоа во нивните лични реалности и да ги предизвикаат и своите врсници да проговорат.

## „Neighborhood of youth centers“, Скопје

(Семинар)

Проект во кој учествуваа 30 младински работници и претставници на општини од 8 земји: Македонија, Германија, Белгија, Хрватска, Србија, Словенија, Црна Гора и од Босна и Херцеговина. Беше организиран во Домот на култура „Биљана Беличанец“ во Кисела Вода од 6 до 13 мај. Учесниците ги дискутираа потребите на Младинските центри и имплементацијата на Законот за млади. Исто така, се согласија на понатамошна соработка за подобрување на условите за младите луѓе и обезбедување можности за нивно активно учество во јавниот живот. Семинарот беше организиран со поддршка од Општина Кисела Вода.





## „Skopje Soup“, Скопје & Струмица
(Настани во заедницата)

Во рамките на КА2 проектот Soup Sharing, - три Skopje SOUP настани беа организирани во 2022 година. Со учество на повеќе од 120 локалци и странци, настанот овозможи простор на 10 млади да ги презентираат нивните идеи за тоа како може да ја подобрат заедницата. Публиката гласаше за најдобрите идеи и победниците добија мала донација од учесниците. Она што беше споделено во текот на настаните беше супа (чорба), идеја и партнерства.

## „Меѓународен ден на младите“, Скопје
(Настани во заедницата)

На 13 Август - Го прославивме Денот на младите со дводневен настан во Културниот дом „Билјана Беличанец“ во Кисела Вода. Организиравме разни еко-работилници, дизајнирање работилници за размислување и изложба на уметничките дела од младите луѓе. Настанот им апростор за младите луѓе од нашата заедница. Посебна атракција беше популарното кино на тркала, со електрична енергија спроведена од генератори со возење на точак од присутните како и од изведувачите на бендот Resonance и жонглерот Кирил Гочевски. Настанот беше организиран од страна на ВЦС и GoGreen, а беше поддржан од Општина Кисела Вода, Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност и делегацијата на ЕУ во Скопје.






## „Train-The-Trainer“, Струга
(PeerAct проект тренинг)

Волонтерски Центар Скопје во соработка со Европската организација за обука на врсници спроведе тренинг што се одржа во Струга од 6-13 март како дел од проектот „PeerAct“, чија главна цел е борба против дискриминацијата, предрасудите и стереотипите. Околу 70 млади луѓе од Македонија, Србија, Португалија, Словенија и од Романија беа обучени и добија врснички образовни вештини кои ги пренесоа меѓу нивните врсници и локалните заедници.



## Обука за управување со волонтери во граѓански организации, Струга
(IPA)

Волонтерски Центар Скопје организираше тренинг за менаџирање на волонтери во рамките на проектот: „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата". Претставниците на цивилното општество добија вештини и знаење за менаџирање на волонтери, развивање волонтерски програми и други важни аспекти на волонтирањето. Тренингот се одржа во периодот од 18-20 мај во Струга.

## „Diverse Youth Identities", Струга
(Обука)

Над 20 воспитувачи, младински работници и младински лидери од 11 држави се собраа во Струга, каде научија повеќе за вклучувањето на младите луѓе во ЛГБТИ+ заедниците. Проектот се одржа од 23-31 мај и фокусот беше работата со темите на сексуална ориентација, родов идентитет и изразување и сексуални карактеристики во младинската работа. ВЦС беше домаќин на проектот, организиран од LEAP Sports од Шкотска.






## „Musicling", Скопје
(Состанок меѓу партнерите)

Вториот состанок меѓу партнерите во КА2 проектот Musicling се одржа во канцеларијата на ВЦС од 24-27 мај. Четирите партнери ги разгледаа достигнувањата досега и ги дискутираа следните чекори на проектот. Musicling има за цел да развие клучни вештини за нивната иднина преку креативност и уметност, особено музика и изработки, преку креирањето музички инструменти од рециклирани материјали. Исто така, нè учи на неоходните вештини и алатки за младите да можат да ги започнат нивните сопствени претприемнички проекти.

# Имплементирање на стратегијата за млади



### Развој на Националната стратегија за млади 2023-2027 година

Националната стратегија за млади е важен документ кој ги поставува основните принципи и насоки за дејствување на сите актери во општеството кои ќе го подобрат социоекономското окружување на младите и ќе создадат средина која ќе им овозможи на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси. ВЦС со свој претставник беше дел од две работни групи за млади и учество во младинска работа.

### Развој на локална стратегија за млади - Кисела Вода

Преку проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, Општина Кисела Вода беше избрана како една од 4-те општини што го поддржуваат процесот на креирање локални младински стратегии. За таа цел беше потпишан Меморандум за Соработка со градоначалникот на Кисела Вода со што соработката беше формализирана. Врз основа на тематските области на Националната стратегија за млади, Волонтерски Центар Скопје со својот тим и волонтери беше вклучен во создавањето на локалната младинска стретегија на општина Кисела Вода.



# Стручното Образование И Обука (ВЕТ)

Волонтерски Центар Скопје во 2022 година ја продолжи работата со стручното образование и наука (ВЕТ) како дел од програмата „Еразмус +“ што овозможува практичен ангажман, стажирање на млади странски студенти во македонски компании во полето на нивната професија. Со овозможување на работа во интернационална средина, споредба и размена на најдобрите практики, ВЕТ програмата има за цел да ги зајакне практичните знаења и вештини на студентите преку практичен ангажман во компаниите, институциите и приватниот сектор кои се заинтересирани за развивање на идната кариера на младите луѓе.

Волонтерски Центар Скопје, оваа година обезбеди услови за 33 млади луѓе во индустрии како ИТ-компании, домови за грижа и нега на стари лица, туризам, професионални фризери, козметика, шминка и разубавување, меѓународна трговија, менаџмент на настани, спортска анимација, клинички и биомедицински лаборатории, обезбедувајќи целосна логистичка подршка.

По завршувањето на нивната практична работа, практикантите се здобиваат со кредибилитет и сертификати за успешно завршена практична работа во друга држава во доменот на нивното образование.







# Партнери

ВОЛОНТЕРСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

# Можности.

## За сите.


www.vcs.org.mk

vcs.skopje

vcs.skopje

vcs.skopje

contact_vcs

+389 75 243 726

+389 75 243 726 / +389 2277 2095

vcs_contact@yahoo.com

Емил Зола 3/3-1, 1000, Скопје, Македонија